N0052262

NLB Banka

| Примено: | 23.11.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 40883 / 1 | | |


**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА"

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

ПТ Бр. 15 – 35271/3 Скопје, 21 ноември 2022 година

**До**
**„НЛБ Банка" АД Скопје**
**ул. Мајка Тереза бр. 1,**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување правен акт

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви го доставуваме Решението ПТ бр.15-35271/2 од 21 ноември 2022 година, потпишано од гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија.

Со почит,

директор
Илија Андовски

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА"

ПТ бр. 15 – 35271/2 Скопје, 21 ноември 2022 година

Врз основа на член 20 став 5 точка 4 и член 153 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се повлекува согласноста на „НЛБ Банка" АД Скопје за вршење на финансиската активност „инвестициско советување на клиенти" издадена со точка 1 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7421 од 5 ноември 2010 година.

2. Точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7421 од 5 ноември 2010 година, во делот на издадената согласност на „НЛБ Банка" АД Скопје за вршење на финансиските активности: „дејствување како покровител при котација" и „извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва" останува во важност.

3. Во точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15814 од 30 април 2013 година, во кое се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „НЛБ Банка" АД Скопје, се брише алинејата 14 „- инвестициско советување на клиенти". Алинеите 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25 и 26 стануваат алинеи 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25.

## О б р а з л о ж е н и е

Со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7421 од 5 ноември 2010 година на „НЛБ Банка" АД Скопје ѝ е издадена претходна согласност за отпочнување со вршење на финансиските активности „инвестиционо советување", „дејствување како покровител при котација" и „извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва". Подоцна, со Решението бр. 15814 од 30 април 2013 година, коешто е донесено по службена должност согласно со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13), извршено е терминолошко усогласување на финансиските активности, при што називот на финансиската активност „инвестиционо советување" со измените на Законот за банките гласи: „инвестициско советување на клиенти".

Со оглед на тоа што за издавање согласност за вршење на оваа финансиска активност е потребна претходно издадена дозвола, согласност или мислење од надлежен орган, односно институција, Банката го има добиено Решението за давање дозвола за работа на „НЛБ Банка" АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност бр. УП1 08-21 од 1.4.2010 година, изменето со решението бр. УП1 08-29 од 28.3.2016

година, издадено од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

На 30 јуни 2022 година, врз основа на донесена одлука дека повеќе нема да ја врши активноста „инвестициско советување на клиенти", поради економска неоправданост, Банката доставила барање за измена на Решението за давање дозвола за работа на „НЛБ Банка" АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност за исклучување на услугата инвестициско советување. Постапувајќи според барањето на Банката, Комисијата за хартии од вредност донесла решение со кое ја изменила точката 2 од Решението за давање дозвола за работа на НЛБ Банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност бр. УП1 08-21 од 1.4.2010 година, изменето со решението бр. УП1 08-29 од 28.3.2016 година, каде што се предвидени услугите со хартии од вредност предвидени во член 94 од Законот за хартии од вредност коишто може да ги врши Банката. Со измената на оваа точка, Решението за давање дозвола за работа на „НЛБ Банка" АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност повеќе не ја содржи услугата: „- инвестициско советување" а со тоа Банката веќе нема дозвола да ја извршува оваа услуга.

Со оглед на наведеното, Банката на 26 октомври 2022 година, достави барање со кое побара од Народната банка да изврши измена на дозволата за основање и работење на Банката, во делот на финансиските активности коишто може да ги врши, да се избрише финансиската активност „- инвестициско советување на клиенти". Со барањето извести дека, на барање на Банката, Комисијата за хартии од вредност го донесла Решението УП 1 бр. 08-193 од 21 јули 2022 година со кое се брише одредбата со која на Банката ѝ се дава право да ја нуди услугата инвестициско советување и го достави во прилог кон барањето.

Со оглед на тоа што Комисијата за хартии од вредност го донесла Решението УП 1 бр. 08-193 од 21 јули 2022 година со кое активноста: „инвестициско советување "ја избришала од дозволата за работа на „НЛБ Банка" АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност, Банката повеќе не ги исполнува условите од член 58 од Законот за банките за вршење на оваа финансиска активност.

Во однос на финансиските активности: „дејствување како покровител при котација" и „извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва", коишто Банката ги врши врз основа на Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7421 од 5 ноември 2010 година, се утврди дека тие остануваат содржани во точка 2 од Решението за давање дозвола за работа на НЛБ Банка АД Скопје – Служба за услуги со хартии од вредност бр. УП1 08-21 од 1.4.2010 година, изменето со решенијата бр. УП1 08-29 од 28.3.2016 година и УП1 бр. 08-193 од 21 јули 2022 година и Банката може да ги врши овие услуги со хартии од вредност предвидени во член 94 став 1 точки ѓ) и ж) од Законот за хартии од вредност.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

N0010823

NLB Banka

| Примено: | 09.11.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 25639 / 1 | | |

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА"

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр. 15- 21100/9 Скопје, 8 ноември 2021 година

**До**
**„НЛБ Банка" АД Скопје**
**ул. „Мајка Тереза" бр. 1**
**С К О П Ј Е**

**Предмет:** Доставување на правен акт

Почитувани,

Во прилог на овој допис ви доставуваме примерок од Решение на Гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија бр. 15-21100/8 од 8 ноември 2021 година.

Со почит,

директор
Илија Андовски

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT • СКОПЈЕ • SHKUP • III

**Народна банка на Република Северна Македонија**
Кузман Јосифовски Питу бр. 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-306
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www.nbrm.mk**

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр.15-21100/8 Скопје,8 ноември 2021 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13, 24/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19), одлучувајќи по барањето на „НЛБ Банка" АД Скопје, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „НЛБ Банка" АД Скопје за вршење на финансиската активност „продажба и/или откуп на удели од инвестициски фондови".

2. Во точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија бр. 15814 од 30 април 2013 година, во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „НЛБ Банка" АД Скопје, по алинејата 25 се додава нова алинеја 26 „продажба и/или откуп на удели од инвестициски фондови".

3. Во останатиот дел, Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 15814 од 30 април 2013 година, е непроменето.

## Образложение

На 9 јули 2021 година, „НЛБ Банка" АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање претходна согласност од Народната банка на Република Северна Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење на финансиската активност – продажба и/или откуп на удели од инвестициски фондови, врз основа на член 7 став 1 точка 23 и член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките.

Финансиската активност е дефинирана во член 6 од Законот за инвестициските фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/09, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 и 150/21). Согласно со член од 8 од Законот за инвестициски фондови, останатите работи на управување со инвестициски фонд, освен управувањето со имотот на инвестицискиот фонд, може да им бидат пренесени на трети лица, по претходна согласност од Комисијата за хартии од вредност. Документацијата е пропишана во Правилникот за начинот, постапката и видот на активностите кои може друштвото за управување да ги пренесе на трети лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/2009) којшто го носи Комисијата за хартии од вредност.

На 22 јуни 2021 година, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со Решението бр. УП1 08-105, му дава согласност на Друштвото за управување со инвестициски фондови „Генерали инвестментс" АД Скопје за пренос на активностите предвидени со член 6 став 1 од Законот за инвестициски фондови, а коишто се поврзани

со продажба и/или откуп на удели на инвестициски фондови и извршување активности на рекламирање на инвестициските фондови на Банката.

Народната банка со дописите од 23 јули и 1 октомври 2021 година побара дополнување и корекции на доставената документација. Банката ја достави бараната документација на 28 октомври 2021 година, со што барањето е комплетирано согласно со глава III точка 5 од Одлуката за издавање согласности.

По разгледувањето на доставената документација, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Од анализата на доставената документација, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаат предвид критериумите од точка 13 од Одлуката за издавање согласности. Имено:

- Банката го поседува пропишаното ниво на сопствени средства потребно за вршење на новата финансиска активност;

- постои економска оправданост за отпочнување со вршење на финансиската активност;

- Банката располага со соодветни кадри за ефикасно извршување на финансиската активност;

- со предвидената организација на Банката се обезбедува двојна контрола во вршењето на финансиската активност, односно нема да биде можно едно лице да ги изврши сите фази на една трансакција;

- известувањето до органите за перформансите е предмет на двојна контрола;

- Банката располага со соодветен информативен систем и техничка опременост за успешно и сигурно извршување на новата финансиска активност и поседува соодветен деловен простор и техничка опрема коишто ќе овозможат сигурно и непречено вршење на новата финансиска активност;

- овозможено е вклучување на новата финансиската активност во системот на внатрешна контрола, во внатрешната ревизија и во системот за спречување перење пари и финансирање тероризам на Банката;

- извршувањето на финансиската активност е регулирано со соодветни интерни акти, а управувањето со евентуалните ризици коишто би произлегле од неа е уредено во постојните интерни акти за управување со одделните ризици на Банката;

- дефинирано е лицето со посебни права и одговорности надлежно за следење на вршењето на финансиската активност;

- Банката има капацитет за управување со ризиците на кои ќе биде изложена при вршењето на новата финансиска активност;

- во барањето и доставената документација не постојат недоследности коишто не можат да бидат објаснети.

Во Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15814 од 30 април 2013 година, во кое се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „НЛБ Банка" АД

Скопје, по алинејата 25 се додава нова алинеја 26 „продажба и/или откуп на удели од инвестициски фондови".

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

70 ГОДИНИ ЦЕНТРАЛНО БАНКАРСТВО

„ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА"

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр. 15 - 13467/6

Скопје, 21 април 2016 година

NLB Тутунска банка Скопје

| Примено: 22 -04- 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 12196 | | |

**До**

**„НЛБ Тутунска банка" АД Скопје**
**Ул.Мајка Тереза бр.1**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на правни акти

Почитувани,

Во прилог на овој допис ви доставуваме примерок од Заклучок за исправка на Решение бр. 13467/5 од 19 април 2016 година.

Со почит,

директор
д-р Евица Делова Јолевска

НАРОДНА БАНКА НА Р МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

„ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА"

Бр. 13467/5

Скопје, 19 април 2016 година

Врз основа на член 222 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05, 110/08 и 51/11) и Одлуката за определување редослед по кој вицегувернерите ќе го заменуваат гувернерот за време на неговото отсуство од работа во текот на 2016 година бр. 233 од 5 јануари 2016 година, вицегувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**З а к л у ч о к**
**за исправка на Решението бр. 13467 од 11 април 2016 година**

1. Со овој заклучок се врши исправка во делот I точка 1 и во образложението на Решението на гувернерот бр. 13467 од 11 април 2016 година, каде што зборовите: „„НЛБ банка" АД Скопје", се заменуваат со „„НЛБ Банка" АД Скопје".

2. Овој заклучок стапува на сила на денот на стапувањето во сила на Решението на гувернерот бр. 13467 од 11 април 2016 година и претставува негов составен дел.

**Образложение**

На 11 април 2016 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија го донесе Решението бр. 13467, со кое е издадена претходна согласност за промена на името на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје во „НЛБ Банка" АД Скопје.

Во наведеното решение е направена техничка грешка во името на Банката, којашто е исправена во диспозитивот на овој заклучок.

Вицегувернер
д-р Фадил Бајрами

NLB Тутунска банка
Скопје
Примено: 27 -05- 2015
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
03-16400

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА"

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање
Бр.15 -18766/2 Скопје, 26 мај 2015 година

**До**
**„НЛБ Тутунска банка" АД Скопје**
ул."Мајка Тереза" бр.1, Скопје

**Предмет:** Доставување решение

Почитувани,

Во прилог Ви го доставуваме Решението бр.18766 од 26 мај 2015 година, донесено од гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Со почит,

заменик директор
Викторија Глигорова

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА"

Бр. 18766 Скопје, 26 мај 2015 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13 и 15/15) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13), одлучувајќи по барањето на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје за вршење на финансиската активност „застапување во осигурувањето".

2. Во точката 1 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15814 од 30 април 2013 година, во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје, по алинејата 19 се додава нова алинеја 20 „застапување во осигурување". Алинеите 20, 21, 22, 23 и 24 стануваат 21, 22, 23, 24 и 25.

3. Во останатиот дел, Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 15814 од 30 април 2013 година, останува непроменето.

4. Гувернерот ќе ја повлече издадената согласност, доколку се утврди дека Банката повеќе не исполнува кој било од условите за вршење на финансиската активност предвидени во Законот за банките и Одлуката за издавање согласности.

### Образложение

На 26 јануари 2015 година „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање согласност од Народната банка на Република Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење нова финансиска активност - застапување во осигурување, врз основа на член 7 став 1 точка 23 и член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките. Барањето е комплетирано со документацијата предвидена во глава III точка 5 од Одлуката за издавање согласности на 21 мај 2015 година.

Законот за супервизија на осигурувањето („Службен весник на РМ" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14 и 112/14) во член 133 став 1 ја дефинира финансиската активност како подготовка и склучување договори за осигурување во име и за сметка на едно или повеќе друштва за осигурување основани согласно со овој закон, за производи на осигурување кои меѓусебно не си конкурираат. Согласно со член 134-ж став 3 од Законот, работи на застапување во осигурувањето може да врши банка која добила дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето од Народната банка. Народната банка ќе издаде дозвола за вршење работи на застапување во осигурувањето само врз основа на претходна согласност на Агенцијата за супервизија на осигурувањето. На 8 јануари 2015 година со Решението УП 07-1-1502, Агенцијата за супервизија на

осигурувањето ѝ издала согласност на Банката за вршење работи на застапување во осигурување.

Во доставената документација и во Договорот за застапување во осигурување склучен со Друштвото „САВА осигурување" АД Скопје (понатаму во текстот: Сава осигурување) е определено дека Банката ќе врши подготовка и склучување полиси за осигурување и ќе наплаќа премија за неживотно осигурување.

По разгледувањето на доставената документација, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Од анализата на доставената документација, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаат предвид критериумите од точка 13 од Одлуката за издавање согласности. Имено:

- според документацијата, постои економска оправданост за отпочнување со вршење на финансиската активност;
- Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно извршување на финансиската активност и соодветна организациска поставеност;
- со предвидената организација на Банката, упатството за извршување на финансиската активност и задолжителните активности на „Сава осигурување" при издавањето на полисите се обезбедува двојна контрола во вршењето на финансиската активност. Контрола од страна на „Сава осигурување" ќе биде обезбедена преку соодветните софтверски апликации и верификација на веќе изготвени полиси;
- Банката располага со соодветен информациски систем и техничка опременост за успешно и сигурно извршување на новата финансиска активност и поседува соодветен деловен простор и техничка опрема кои ќе овозможат сигурно и непречено вршење на новата финансиска активност;
- овозможено е вклучување на новата финансиската активност во системот на внатрешна контрола, во внатрешната ревизија и во системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот на Банката;
- извршувањето на финансиската активност е регулирано со соодветни интерни акти;
- по спроведената анализа на ризици, Банката утврдила дека ризикот од воведување нова финансиска активност - застапување во осигурување, е низок;
- дефинирани се лицата со посебни права и одговорности надлежни за следење на вршењето на финансиската активност.

Во Решението на гувернерот на Народната банка бр. 15814 од 30 април 2013 година, со кое е изменета точка 5 од Решението на гувернерот за замена на дозволата за основање и работење на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје бр. 02-14/643-2003 од 30 декември 2003 година, во точка 1 став 1 каде што се наведени финансиските активности коишто може да ги врши Банката, по алинејата 19 се додава алинеја 20 „-застапување во осигурување".

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Гувернер
Димитар Богов

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр. 15814/2

Скопје, 7 мај 2013 година

**До**
**НЛБ Тутунска банка АД Скопје**
**ул. Водњанска бр. 1**
**Скопје**

**Предмет: Доставување на Решение**

Почитувани,

Во прилог ви го доставуваме Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 15814 од 30 април 2013 година.

Со почит,

Заменик директор
Викторија Глигорова

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 15814 Скопје, 30 април 2013 година

Врз основа на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13), гувернерот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Точката 5 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија за замена на дозволата за основање и работење на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје бр. 02-14/643-2003 од 30 декември 2003 година, се менува и гласи:

„Банката може да ги врши следниве активности:

- прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- инвестициско советување на клиенти;
- давање на услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови;
- купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност;
- чување на хартии од вредност за клиенти;
- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица;
- продажба на полиси за осигурување;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;

- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;

- економско-финансиски консалтинг;

-дејствување како покровител при котација и

-извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва".

2. Со донесувањето на ова решение, точката 3 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 1849 од 11 март 2008 година, точките 3 и 4 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7421 од 5 ноември 2010 година и точките 4 и 5 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 8233 од 20 октомври 2011, престануваат да важат.

## Образложение

Со член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/13) се извршија одредени измени во член 7 став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09 и 67/10), во делот на активностите коишто може да ги врши банка. Со измените се менуваат називите на некои од досегашните финансиски активности и се додаваат нови активности.

Согласно со член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките, Народната банка на Република Македонија по службена должност, без поднесување барање од банките, ќе ги усогласи дозволите за основање и работење на банките во делот што се однесува на финансиските активности, во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно најдоцна до 28 август 2013 година.

Во точката 5 од Решението за замена на дозволата за основање и работење на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје се наведени финансиските активности коишто може да ги врши Банката. Со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 1849 од 11 март 2008 година е изменета точката 5 од Решението за замена на дозволата за основање и работење на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје, односно направено е усогласување на финансиските активности коишто може да ги врши Банката согласно со Законот за банките. Дополнително, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 7421 од 5 ноември 2010 година, на Банката ѝ е издадена претходна согласност за вршење на финансиските активности: „инвестициono советување", „дејствување како покровител при котација" и „извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва". Исто така, со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 8233 од 20 октомври 2011 година, на Банката ѝ е издадена претходна согласност за вршење на финансиската активност „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност".

Имајќи го предвид наведеното, како и најновите законски измени во делот на финансиските активности и обврската за усогласување на дозволите

за основање и работење на банките во делот на финансиските активности, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Гувернер
Димитар Богов

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр. 15 - 8233/2

Скопје, 21.10.2011 година

**До**
**НЛБ Тутунска банка АД Скопје**
**ул. Водњанска бр. 1**

**С К О П Ј Е**

NLB Тутунска банка

| Примено 26-10-2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 19536 | 1. | |

Скопје

**Предмет:** Доставување на решение

Почитувани,

Во прилог ви го доставуваме Решението на вицегувернерот на Народната банка на Република Македонија, бр. 8233 од 20.10.2011 година.

Со почит,

Директор
Соња Полевска

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 8233 Скопје 20.10.2011 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/2007, 90/2009 и 67/10) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на РМ" бр. 91/2007, 134/2007, 139/2008 и 24/2011), одлучувајќи по барањето на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје, вицегувернерот м-р Фадил Бајрами, по Овластувањето на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 6466 од 20.07.2011 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје за отпочнување со вршење на финансиската активност „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност".

2. Пред отпочнување на активностите на задолжителен откуп на хартии од вредност, Банката е должна да достави ажурирана документација до Народната банка на Република Македонија согласно со точка 12 од Одлуката за издавање согласности.

3. Гувернерот на Народната банка на Република Македонија ќе ја повлече согласноста за вршење на финансиската активност од точка 1 од диспозитивот на ова решение, доколку се утврди дека Банката повеќе не исполнува кој било од условите од член 57 став 2 од Законот за банките и точка 13 од Одлуката за издавање согласности.

4. Во точка 3 став 2 од Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 1849 од 11.03.2008 година, по алинејата 14 се додава нова алинеја „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност". Алинеите 15, 16, 17, 18, 19, 20 и 21 стануваат алинеи 16, 17, 18, 19, 20, 21 и 22.

5. Во останатиот дел, Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 1849 од 11.03.2008 година, останува непроменето.

### Образложение

На 03.08.2011 година „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање согласност од Народната банка на Република Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење на финансиската активност - купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност (понатаму во текстот: финансиската активност), дефинирана во член 7 став 1 точка 18 од Законот за банките.

По разгледување на доставената документација којашто се однесува на новата финансиска активност, се оцени дека таа е во согласност со Законот за банките и Одлуката за издавање согласности. Во Стратегијата за купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност е наведено дека Банката нема да врши активности на купопродажба и откуп на хартии од вредност.

Од анализата на доставената документација, се оцени дека:

- Банката го поседува пропишаното ниво на сопствени средства потребно за вршење на финансиската активност за која е побарана согласноста;
- Според документацијата, постои економска оправданост за отпочнување со вршење на финансиската активност;
- Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно извршување на финансиската активност во планираниот обем и соодветна организациска поставеност со која се обезбедува функционално разграничување помеѓу вршењето на оваа и останатите финансиски активности;
- Обезбедена е двојна контрола во вршењето на финансиската активност;
- Банката има согласност од Народната банка за Политиката за сигурност на информативниот систем;
- Финансиската активност е вклучена во системот на внатрешна контрола и внатрешна ревизија и во системот на спречување перење пари;
- Банката има процедури за вршење на финансиската активност, кои претставуваат основа за управување со ризиците на кои е предвидено да биде изложена и во кои е дефинирана улогата на лицата со посебни права и одговорности надлежни за донесување одлуки и следење на вршењето на финансиската активност.

Точката 3 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 1849 од 11.03.2008 година, во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши Банката, во ставот 2 се дополнува со финансиската активност „купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност".

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Вицегувернер
м-р Фадил Бајрами

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 7421 Скопје, 05.11.2010 година

Врз основа на член 57 став 1 точка 2 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007, 90/2009 и 67/10) и глава III од Одлуката за издавање согласности („Службен весник на РМ“ бр. 91/2007, 134/2007 и 139/2008), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Ѝ се издава претходна согласност на „НЛБ Тутунска банка“ АД Скопје за вршење на следниве финансиски активности „инвестиционо советување“, „дејствување како покровител при котација“ и „ извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва во согласност со Законот за преземање на акционерски друштва“.

2. Гувернерот ќе ја повлече согласноста за вршење на финансиските активности од точка 1 од диспозитивот на ова решение, доколку се утврди дека Банката повеќе не исполнува кој било од условите од член 57 став 2 од Законот за банките и точка 13 од Одлуката за издавање согласности.

3. Во точка 3 став 2 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 1849 од 11.03.2008 година, се додаваат нови три алинеи и тоа

- „ инвестиционо советување“;
- „ дејствување како покровител при котација“ и
- „ извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва “

4. Во останатиот дел, Решението на гувернерот на Народната банка бр. 1849 од 11.03.2008 година, останува непроменето.

Образложение

На 10.08.2010 година „НЛБ Тутунска банка“ АД Скопје (понатаму во текстот: Банката) достави барање за добивање согласност од Народната банка на Република Македонија (понатаму во текстот: Народната банка) за вршење други финансиски активности од член 7 став 1 точка 23 од Законот за банките и тоа: инвестиционо советување, дејствување како покровител при котација, извршување на трансакции, активности за сметка на трети лица потребни за преземање на акционерски друштва и вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

На 29.09.2010 година, Банката го повлече барањето за добивање согласност за вршење на финансиската активност „вршење трансакции и активности за сметка на издавачот на хартии од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност“.

Со Решението бр. УП1 08-21 од 01.04.2010 година, Комисијата за хартии од вредност ѝ издала дозвола на Банката за вршење услуги со хартии од вредност, со која се опфатени финансиските активности за коишто Банката бара согласност.

Кон барањето е доставена документацијата предвидена во глава III точка 5 од Одлуката за издавање на согласности („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/2007, 134/2007 и 139/2008).

На 29.10.2010 година, барањето е комплетирано со потребната документација.

Од анализата на доставената документација, се оцени дека Банката ќе биде организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, при што се имаат предвид критериумите од точка 13 од Одлуката за издавање согласности. Имено:

- Според документацијата, постои економска оправданост за отпочнување со вршење на финансиските активности,
- Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно извршување на финансиските активности и соодветна организациска поставеност,
- Обезбедена е двојна контрола во вршењето на финансиската активност,
- Банката има соодветен информативен систем и техничка опременост за извршување на финансиската активност,
- Финансиската активност е вклучена во системот на внатрешна ревизија и во системот за спречување перење пари,
- Извршувањето на финансиските активности во Банката е регулирано во процедури на Службата за услуги со хартии од вредност и
- Дефинирани се лицата со посебни права и одговорности надлежни за следење на вршењето на финансиската активност.

Точката 3 од Решението на гувернерот на Народната банка бр. 1849 од 11.03.2008 година, во која се наведени финансиските активности коишто може да ги врши „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје, се дополнува со финансиските активности наведени во точка 3 од диспозитивот на ова решение. Во останатиот дел, Решението на гувернерот на Народната банка бр. 1849 од 11.03.2008 година, останува непроменето.

Имајќи го предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ

Гувернер
м-р Петар Гошев

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Бр. 1849

Скопје, 13.03.2008 година

**До**
**НЛБ Тутунска Банка АД Скопје**
**12 Македонска бригада 20**
**С К О П Ј Е**

**Предмет: Доставување на Решение**

Почитувани ,

Во прилог на дописот, Ви го доставуваме Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр.1849 од 11.03.2008 година, на Ваша понатамошна постапка.

Со почит,

Ајсан Есад
Самостоен супервизор

Тони Стојановски
Директор

НАРОДНА БАНКА НА Р.М. МАКЕДОНИЈА
РМ 8
Скопје

**Народна банка на Република Македонија**
Комплекс банки б.б., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-251 / 3108-166
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-348
**www:nbrm.gov.mk**

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1849 Скопје, 11.03.2008 година

Врз основа на член 68 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), член 57 став 1 точка 2 и член 193 став 2 и 3 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/2007) и Одлуката за издавање согласности („Службен весник на РМ" бр. 91/2007 и 134/2007), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Се утврдува дека „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје е усогласена со критериумите пропишани со точка 13 од Одлуката за издавање согласности, во однос на следните финансиски активности од член 7 став 1 од Законот за банките за кои, согласно со член 57 став 1 точка 2, е потребна претходна согласност:

- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со финансиски деривати;
- тргување со хартии од вредност; и
- давање услуги на банка - чувар на имот.

2. Другите финансиски активности од член 7 став 1 од Законот за банките, за кои согласно со овој закон е потребна претходна согласнот, „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје ќе може да отпочне да ги врши само по добивање претходна согласност од гувернерот на Народната банка.

3. Точката 5 од Решението на гувернерот на Народната банка за замена на дозволата за основање и работење бр. 02-14/643-2003 од 30.12.2003 година, се менува и гласи:

„Банката може да ги врши следниве активности:
- прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
- кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
-издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- финансиски лизинг;

- менувачки работи;
- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- изнајмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- давање услуги на банка-чувар на имот;
- посредување во продажба на полиси за осигурување;
- посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица; и
- економско-финансиски консалтинг".

4. Гувернерот ја повлекува согласноста за вршење на финасиските активности од точка 1 од диспозитивот на ова Решение доколку се утврди дека повеќе не се исполнува кој било од условите од член 57 став 2 од Законот за банките и точка 13 од Одлуката за издавање согласности.

5. Со денот на приемот на ова Решение престануваат да важат решенијата наведени во точка 6 од Решението за замена на дозволата за основање и работење на Банката бр. 02-14/643-2003 од 30.12.2003 година и тоа:

- Решението на Советот на Народната банка на Република Македонија бр. 02-15/XXIII-3/93 од 27.12.1993 година, со кое Банката е овластена за вршење платен промет и кредитни работи со странство;

- Решението на гувернерот на Народнатата банка на Република Македонија бр. 02-14/392-93 од 02.12.1993 година, со кое Банката е овластена за вршење девизно-валутни работи во земјата; и

- Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 4286 од 28.12.2001 година, со кое на Банката ѝ е издадена дозвола за вршење платен промет во земјата.

## Образложение

На 21.11.2007 година, во Народната банка е примено барање од „НЛБ Тутунска банка" АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката), поднесено согласно со член 193 ставови 2 и 3 од Законот за банките и точка 52 од Одлуката за издавање согласности, заради добивање согласност за вршење на следните финансиски активности: платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи, тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали, тргување со финансиски деривати и давање услуги банка-чувар на имот. На 04.03.2008 година, барањето е надополнето со документација за вршење на финансиската активност, тргување со хартии од вредност.

Заради усогласување со критериумите пропишани во точка 13 од Одлуката за издавање согласности, за секоја финансиска активност за која е поднесено Барањето, е доставена документацијата предвидена во точките 5, 7, 9 и 11 од оваа Одлука.

Од анализата на доставената документација се оцени дека Банката е организирана и способна да работи согласно со прописите и пропишаните супервизорски стандарди, пред сè имајќи го предвид следното:

Банката го поседува пропишаното ниво на сопствени средства потребно за вршење на финансиските активности за кои е поднесено Барањето.

Банката има соодветна структура на вработени за ефикасно и успешно вршење на овие финансиски активности и соодветна организациска поставеност со која се обезбедува функционално разграничување помеѓу вршењето на финансиските активности како и разграничување помеѓу линиите за известување до органите надлежни за управување. Обезбедена е двојна контрола во вршењето на овие финансиски активности.

Со Решение на гувернерот на Народната банка бр. 02-14/22-2006 од 07.03.2006 година издадена е претходна согласност на Политиката за сигурност на информативниот систем, со што се потврдува соодветноста на информативниот систем на Банката, односно се потврдува дека Банката ги исполнува стандардите пропишани од страна на Советот на Народната банка за сигурност на информативниот систем и континуитет во работењето на Банката.

Финансиските активности за кои е поднесено Барањето се вклучени во системот на внатрешна ревизија и во системот за спречување на перење пари.

Банката има политики и процедури за вршење на овие финансиски активности, кои се соодветна основа за управување со ризиците на коишто ќе биде изложена Банката при нивното вршење.

Улогата на лицата со посебни права и одговорности коишто ќе бидат надлежни за донесување одлуки и следење на вршењето на овие финансиски активности е јасно дефинирана.

Банката има капацитет за идентификување, мерење, следење и контрола на ризиците на коишто ќе биде изложена при вршењето на овие финансиските активности.

Другите финансиски активности од член 7 став 1 од Законот за банките, за кои Банката не поднесе барање согласно со член 193, став 2 и 3 од овој закон, а за кои е потребна претходна согласност, Банката ќе може да отпочне да ги врши само по добивање претходна согласност од гувернерот на Народната банка.

Измените во точка 5 од Решението за замена на дозволата за основање и работење на Банката бр. 02-14/643-2003 од 30.12.2003 година, се вршат со цел се усогласување на финаниските активности кои може да ги врши Банката имајќи ги предвид точките 1 и 2 од диспозитивот на ова решение и член 7 од Законот за банките.

Доколку се утврди дека повеќе не се исполнува кој било од условите од член 57 став 2 од Законот за банките и точка 13 од Одлуката за издавање согласности, гувернерот ќе ја повлече согласноста за вршење на финансиските активности од точка 1 од диспозитивот на ова решение.

Со денот на приемот на ова решение престануваат да важат решенијата наведени во точка 6 од Решението за замена на дозволата за основање и

работење на Банката бр. 02-14/643-2003 од 30.12.2003 година, со кои на Банката претходно ѝ беше издадена дозвола за вршење платен промет во земјата и беше овластена за вршење платен промет и кредитни работи со странство и девизно-валутни работи во земјата.

Со оглед на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе
тужба до надлежниот суд
за решавање управни спорови,
во рок од 30 дена по приемот на
Решението

м-р Петар Гошев
гувернер